ИНСТИТУТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА
НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-295/6
19.04.2016 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 17, став 1, алинеја 6 од Статутот на Институтот за Стандардизација на Република Македонија бр.07-124/2 од 11.02.2004 година, Собранието на Институтот за Стандардизација на Република Македонија на 13-та седница одржана на 22 март 2016 година донесе

# ОДЛУКА за усвојување на ДЕЛОВНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИКОТ ЗА РАБОТА НА СОБРАНИЕТО НА ИНСТИТУТОТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА бр.07-1440/5 од 24.12.2003 година

Член 1

Се усвојува Деловникот за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Собранието на Институтот бр.07-1440/5 од 24.12.2003 година и истиот е составен дел на одлуката.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на неговото донесување.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕ
Проф.др.Ѓорѓи Груевски

ИНСТИТУТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА
СКОПЈЕ

22 март 2016 година

ИНСТИТУТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА
НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02 – 295/6
19.04. 2016 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 17, став 1 алинеја 6 од Статутот на Институтот за Стандардизација на Република Македонија бр.07-124/2 од 11.02.2004 година, Собранието на Институтот за Стандардизација на Република Македонија на 13-та седница одржана на 22.03.2016 година донесе

# ДЕЛОВНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИКОТ ЗА РАБОТА НА СОБРАНИЕТО НА ИНСТИТУТОТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА бр.07-1440/5 од 24.12.2003 година

Член 1

Во Деловникот за работа на Собранието на Институтот, после глава V.ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО се додава нова глава

" VI. ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТ"

Член 20

Предлозите за членови на Советот се поднесуваат во писмена форма до Институтот во рок од 15 денови пред одржувањето на седница на Собранието. Предлогот за кандидат за член на Советот треба да содржи:

- податоци за статусот и дејноста на членот на Институтот;
- кратка биографија на претставникот на членот на Институтот;
- потпис на овластеното лице на членот на Институтот.

Член 21

Собранието на седницата ги става на гласање предложените кандидати за членови на Советот од категориите:

- тројца претставници на индустријата, вклучувајќи најмалку еден претставник од секторот за мали и средни претпријатија,
- еден претставник од високо стручни образовни институции и
- еден претставник од стопански комори, организации на потрошувачи, консултантски и сертификациски тела, инспекциски тела и сите други заинтересирани страни

Избрани се кандидатите кои добиле половина плус еден гласови од присутните членови на Институтот на седница на Собранието. .Доколку во првиот круг на гласање не се добие кандидат со најголем број на гласови, се пристапува кон втор круг на гласање. Во вториот круг на гласање влегуваат кандидатите со најголем број на гласови и од нив се избира еден

кандидат кој добил половина плус еден гласови од присутните членови на Институтот на седница на Собранието.

Собранието ги именува членовите на Советот на Институтот за период од четири години, со можност за повторно именување.

Член 2

Главите: VI. СВИКУВАЊЕ СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО, VII. РАБОТА НА СОБРАНИЕТО, VIII. РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН НА ИНСТИТУТОТ И ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО, IX. ЗАПИСНИК ОД СЕДНИЦИТЕ НА СОБРАНИЕТО, X. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ стануваат глави: VII СВИКУВАЊЕ СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО, VIII. РАБОТА НА СОБРАНИЕТО, IX РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН НА ИНСТИТУТОТ, ЧЛЕН НА СОВЕТОТ И ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО, X ЗАПИСНИК ОД СЕДНИЦИТЕ НА СОБРАНИЕТО, XI. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ.

Член 3

Членовите 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30, 31, 32, 33 и 34 стануваат членови:22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30, 31, 32, 34, 35 и 36.

Главата XI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ од Деловникот за работа на Собранието на Институтот за стандардизација, станува глава XII.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО
Проф.д-р Ѓорѓи Груевски

Скопје, 22 март 2016